Дата и време на испитувањето:______________________________________________

## ИНСТРУКЦИИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПАЦИЕНТИТЕ ПРЕД КОЛОНОСКОПИЈА

Подготовката се состои од комбинација на диета и земање на соодветен производ за прочистување. За успешна подготовка ве молиме да се придржувате кон следниве правила.

## РАСПОРЕД НА КОЛОНОСКОПИЈА

- За колоноскопска подготовка, од аптека набавете производ кој соджи **МАКРОГОЛ И СИМЕТИКОН**
- Информирајте го Вашиот доктор за сите лекови кои ги примате, посебно за лекови кои влијаат на коагулацијата на крвта или лекови за дијабетес.

## НУТРИЦИСКА ПОДГОТОВКА

........... ДЕНОВИТЕ ПРЕД КОЛОНОСКОПИЈА

Да не се консумира храна богата со влакна како овошје, зеленчук и житарици. Подоле може да најдете листа на храна која е дозволена или не дозволена за употреба.

| дозволена храна | не дозволена храна |
|---|---|
| Риба, пилешко, | Сите житни лебови или леб богат со семки, пасти, |
| Пире од компири, паста, бел ориз, | Овошје, зеленчук, мешунки, |
| Јајца, сирење, | Природни сокови, сокови и алкохолни пијалоци со црвени пигменти, |
| Чај, пијалоци, бистри овошни соскови (не природни), | Сосови, зеленчукови супи, |
| Маслиново масло, путер, маргарин, вински оцет, сол, | Грицки и благо, |
| Шеќер, мед, засладувачи | Суви ореви |

## ПОДГОТОВКА ЗА ПРОЧИСТУВАЊЕ НА КОЛОНОТ:

**Доколку колоноскопијата се прави во попладневните часови ве молиме да се подготвите така што:**
**Вечерта пред прегледот: од 20.00-22.00 направете ги чекор 1 и чекор 2**

**Чекори:**
**чекор 1** Ставете ја содржината на 2 кесички во шише со еден литар вода, и добро промешајте за да добиете хомогена смеса. Подготвената течност треба да се испие во рок од 1-2 часа: по можност се пијат 250 ml на секои 10-15 мин. се додека не се испие целата течност.
**чекор 2** Дополнително Испијте уште 1 литар течност бистри сокови, чаеви по ваш избор (само не со црвена боја).

---

**На денот на прегледот: утрото од 05.00-07.00 часот направете ги чекор 3 и чекор 4**
**чекор 3** Повторете ја истата постапка со другите 2 кесички. Истурете ја содржината на 2 кесички во шише со еден литар вода, и добро промешајте за да добиете хомогена смеса. Подготвената течност треба да се испие во рок од 1-2 часа: по можност се пијат 250 ml на секои 10-15 мин. се додека не се испие целата течност.
**чекор 4** Дополнително испијте уште 1 литар течност бистри сокови, чаеви (само не со црвена боја).

На крајот на подготовката содржината која ја исфрлате треба да биде проѕирна и транспарента (не жолта). Ако забележите дека содржината не е проѕирна консултирајте се со вашиот доктор со цел да добиете понатамошни инструкции.

### Важни напомени:

- **На денот на подготовката е дозволено да се земаат само течности (чај, вода, бистар сок од јаболко).**
- **Пациенти кои примаат редовна хронична терапија (за срце притисок и сл) на денот на прегледот да ја земат утринската доза на лекот со вода. Пациентите кои земаат препарати за железо, истите да ги прекинат 7-10 дена пред прегледот.**

**Несакани ефекти:** Во случај да чувствувате гадење,нагон за повраќање, или абдоминална болка прекинете ја подготовката и направете пауза од 1 час па потоа продолжете, онаму каде сте застанале. Во случај да симптомите се интензивни и постојани контактирајте го вашиот лекар.

## ПРЕД ИСПИТУВАЊЕТО:

- ..................... Часовите пред испитувањето употребата на течности или храна не е дозволена.
- За време на процедурата пожелно е да бидете придужени од роднина или пријател.